# ВДИСТ

# ВДИСТ

галерија
на современа
југословенска
графика
битола

**9 — 23. април 1974**

Изложбата ја организира
Галерија на современа Југословенска графика — Битола

Втори септември, 1955 година има посебно значење во културната хроника на градот под Пелистер. На тој ден ликовните уметници ВИДИМЧЕ ПЕЦО, ДИМОВСКИ ЈОВАН, ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА, СПИРОСКИ ПЕРО и ТРАЈКОВСКИ БОРИСЛАВ ја конституираа ликовната група ВДИСТ и со тоа ја создадоа основата за организирана презентација на својот град во сферата на современата ликовна креација во Македонија и надвор од неа. Нив ги здружи интересот и желбата, поединечно и здружено, да истражуваат во времето и во просторот, да ги откриваат тајните на природата, да создаваат максимално возможен автентичен израз и стил кој ќе биде доволно рафиниран, учен и исполнет со нијансии и барања, стил и ликовен израз во кој ќе бидат вградени карактеристиките и спецификите на македонското поднебје.

Минато и традиција на својата земја и надвор во областа на ликовната уметност, членовите на ВДИСТ не ја сметаа за музеј, туку повеќе ја прифатија како своевидна лабораторија и ателје за истражување и за култивирање на нови ликовни вредности што ќе ги вградат во животот на својот град иво културната ризница на својот народ.

Веднаш треба да се каже дека истовремено со инспиративното од богатото минато на својата земја и народ тие непосредно и мошне емотивно ги доживуваа импулсите на секојдневието, неговата младост, динамиката и новиот живот кој забревтано се пробиваше во иднината. Духот и ритмот на новото време, претставуваше основна претпоставка за разговор и за триумф на творечките вредности на Македонскиот народ кој со векови биле потискувани во сите области на животот респективно и во областа на ликовното творештво.

ГАЛЕРИЈА • ТРОН АРТ • БИТОЛА МАКЕДОНИЈА

Набргу по формирањето, групата ВДИСТ организира изложби во Скопје, Белград, Загреб, Охрид, Прилеп и во други градови ширум нашата земја. Изложбите на секаде предизвикуваа жив интерес кај љубителите на ликовната уметност.

Ликовната критика во делата на ВДИСТ гледаше силен напредок и афирмација на еден осведочен уметнички квалитет во ликовниот живот на СР Македонија. Познатиот загреб-ски критичар Ј. Деполо на дваесет и втори јануари 1957 година пишува: „Потребно е да се признае дека нашата прва средба со ВДИСТ беше скептична. Меѓутоа, таа скепца капитулира.... пред експонатите на тие млади сликари кои расчистија со провинцијализмот... Пријатно е за рецензентот ак оза изложбата на гостите не е принуден да ги одбегнува проблемите со куртоазни фрази. Ликовната група ВДИСТ од Битола, без резерва не освои со својата виталност и сериозност“.

Во весникот „Борба“ од дваесет и втори јануари 1956 година за изложбата на ВДИСТ се наведува: „Природниот изглед на работите и непосредното човечко доживување за нив, се најсигурна инспирација и повод за сите нивни уметнички потфати. Нивната изложба во Белград и сето тоа што таа ни го пружи, можеме да го земеме како веројатно навестување за нивните успеси во иднина“.

Можат да се наведат бројни делови од критичките осврти за успехот на ВДИСТ. Освртите не се без значење за реномето и за афирмација на членовите на ВДИСТ во ликовниот живот на нашата земја. Со љубовен занес, макотрпно и упорно, членовите на ВДИСТ го градеа својот ликовен речник, макотрпно и упорно создаваа ликовни дела со индивидуален белег, дела кои предизвикуваа длабока емоција и пред кои гледачот не бил случаен намерник, дела искрени, суптилни и доживеани, дела кои како сведочени вредности се вградувале во ризниците на ликовното творештво на Македонскиот народ.

Членовите на ликовната група ВДИСТ се носители на бројни и значајни општествени признанија за своите остварувања во областа на ликовното творештво. Тие беа логичен епилог за придонесот на групата во развојот и афирмацијата на ликовното творештво во животот на родниот град и на земјата во која се родиле.

Непосредно по формирањето, во весникот „Вечерен репортер“ од дваесет и шести јануари 1956 година, членовите на групата ВДИСТ изјавија дека ќе го пробијат патот кон својата афирмација, не само во нашата Република, туку и надвор од неа и дека ќе се потврдат пред публиката како зрела ликовна група.

За неполни дваесет години од своето формирање, ликовната група ВДИСТ и нејзините членови, поединечно и заедно, го исполнија своето ветување и израснаа во своевидно достоинство на својот роден град и неговите жители, израснаа во достоинство во сфера на ликовната креација во Социјалистичка Република Македонија.

Живко Василевски,



ВИДИМЧЕ ПЕЦО

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Фамилија I | темпера 1965 |
| 2. | Фамилија II | темпера 1967 |
| 3. | Маскенбал | темпера 1969 |
| 4. | Вертикално разгранување | темпера 1968 |
| 5. | Диптихон I | темпера 1973 |
| 6. | Диптихон II | темпера 1973 |
| 7. | Спомени | темпера 1973 |
| 8. | Сеќавање | темпера 1973 |
| 9. | Носталгија | темпера 1973 |
| 10. | Триптихон | темпера 1973 |



Полиптихон

## ВИДИМЧЕ ПЕЦО

Скопје, ул. „763" бр. 9 IV/13

Роден во Битола 1921 год. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград 1925 год. во класата на професорот Недељко Гвозденовиќ.

Студиски престој: Италија 1954 год. и во Париз 1960 год. како степендијант на фондот „Моша Пијаде".

Член на ДУЛУМ од 1953 год.

Со ДУЛУМ излагал на сите изложби од 1953 год. до денес и тоа: Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Сарајето, Цетиње, Словенградец, Копар, Пиран, Лондон, Братворд, Даблин и Ферара.

Излагал на првата сојузна изложба во Дубровник, на III-то триенале во Белград, Современа македонска уметност во Скопје, „25 години АСНОМ" и на изложбата „Моето сакано дело".

Учествува на сите изложби на ВДИСТ во Битола, Белград, Загреб, Скопје, Прилеп, Охрид и др.

Со свои творби застапен е во галериите: Битола, Скопје, Белград, Дубровник и Загреб.

Творби има и во многу приватни колекции во земјата и странство.

Награди:

Ноемвриска награда за сликарство на град Битола 1960 год.



Визија



JOВАН ДИМОВСКИ

Јован Димовски, академски сликар, член на УЛУС и УЛУПУС. Роден на 25. VII. 1928 година во Битола. Член на групата ВДИСТ и групата „СИНГИАРТ" — Белград, и Друштвото на ликовните уметници на општината ВОЖДОВАЦ.

Завршил Средна художествена школа во Скопје, ученик на Личеноски, Мартиноски, Коџоман. Академија за применети уметности завршил во Белград, дипломирал на отсекот за декоративно сликарство 1953 година, во класата на професорите Васа Поморишац и Винко Грдан.

Излагал, на Сојузната изложба во Љубљана 1956, на изложбата „Современа југословенска графика" приредена во Канада (Отава) 1959, копии на фрески, на изложбата „Средновековната уметност во Југославија" приредена во Париз, на колектив и изложби излагал во Марибор, Љубљана, Копар, Сараево, Ниш, Скопје, Белград, Загреб, Куманово, Прилеп, Битола, Охрид и други градови, на Меѓународната изложба во Словењ Градец, на изложбата на портрети во Тузла, на изложбата НОБ во делата на ликовните уметници во Белград, на групна изложба во Епинал, на меѓународните изложби во Фиренца, Милано, Лече и Неапол 1972 година.

Со групата ВДИСТ излагал, во Загреб, Велград, Скопје, Битола и Прилеп.

Со групата „СИНГИАРТ" во Белград, Скопје и Куманово. Излагал на многу колективни изложби со ДЛУМ, УЛУС и УЛУПУС, и со членовите на Друштвото на ликовните уметници од општина Вождовац.

Самостојни изложби приредил: во Париз 1967, во Загреб 2, Белград 6, Скопје 4, Битола 3, Нови Сад 1, Сараево 1, Куманово 1, Титов Велес 1, Прилеп 1, и други градови и работни колективи.

Познат по делата од циклусите „Македонска рапсодија", „Катастрофалниот земјотрес во Скопје", „Подводен свет", „Белградски мотиви", „Изгорени растенија" и „Портрети". Неговите дела се наоѓаат во галерии и приватни збирки и установи во Југославија и кај колекционери во Америка, Англија, Шведска, Холандија, Белгија, Западна Германија, Швајцарија, Италија и Грција.

Студиски патувања Франција, Италија, Германија и Грција. Уметник слободна професија, живее во Белград, ул. Бачванска бр. 21/II-8.

На 15 април 1972 година, на меѓународната изложба во Милано избран за заслужен член на ЦЕНТРО СТУДИ — Расегна интернатионале арте модерна.



Девојка со букла



Јане Сандански

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Портрет „Јане Сандански“ | масло |
| 12. | Портрет „Македонка“ | „ |
| 13. | Портрет „Девојка со булка“ | „ |
| 14. | Портрет „Селанка со оранж шамија“ | „ |
| 15. | Портрет „Убавица“ | „ |
| 16. | Портрет „Селанка“ | „ |
| 17. | Портрет „Девојка со црвена шамија“ | „ |
| 18. | Портрет „Автопортрет“ | „ |
| 19. | Портрет „Црвенокоса“ | „ |
| 20. | Портрет „Војник“ | „ |



МЕНДЕ ИВАНОВСКИ

ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ, роден 1929 година во Битола, завршил сликарство во уметничката школа и Пед. академија во Скопје. Студиски боравок во Италија 1954, Париз 1957, Прага и Братислава 1970, год. Член на ДЛУМ од 1952 год., член на ликовната група ВДИСТ, сценограф на Телевизија Скопје.

АДРЕСА:

Булевар Партизански одреди 97/27 — Скопје

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1952 — Битола I самостојна изложба
1954 — Битола II самостојна изложба
1955 — Ресен III самостојна изложба
1955 — Прилеп IV самостојна изложба
1956 — Загреб V самостојна изложба — салон Ликум
1958 — Битола VI самостојна изложба — уметничка галерија
1958 — Белград VII самостојна изложа — салон УЛУС
1960 — Струмица VIII самостојна изложба
1962 — Битола IX самостојна изложба — уметничка галерија
1967 — Скопје X самостојна изложба — салон центар за култура
1972 — Скопје XI самостојна изложба — салон центар за култура

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1950 — Изложба на битолските уметници
52-74 — Излага на сите изложби на ДЛУМ во Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Копар, Пиран, Сараево, Марибор, Крушево, Прилеп, Штип, Куманово и други
1953 — Изложба на битолските и прилепските уметници во Прилеп и Битола
1956 — Белград, изложба развој на македонските народи и нивн. борба
1957 — I изложба на графика на ДЛУМ во Скопје — уметничка галерија
1957 — Белград современа македонска графика
1959 — 15 години на ликовна уметност на СРМ
1962 — Современа македонска уметност — Битола, уметничка галерија
1968 — Ликовно поетска музичка вечер — Скопје, салон центар за култура
1969 — Цртеж гважеви акварели — Скопје, музеј на современа уметност
1969 — Стих, боја и тонови — Скопје, салон центар за култура
1969 — 25 години на АСНОМ — Скопје, уметничка галерија
1969 — Италија — Ферара
1970 — Моето најсакано дело — Скопје, уметничка галерија
1970 — Франција — Париз, салон ДЕ-70, и ЕПИНАЛ уметничка галерија
1971 — 6 години на струмичката колонија — Охрид, уметничка галерија
1971 — Белград, НОВ низ делата на ликовните уметници на Југославија — војни музеј
1958 — ВДИСТ, изложба под ведро небо — Скопје, плоштад М. Тито
1965 — Изложба на битолските уметници — Битола, уметничка галерија
1955 — Учествувал на сите изложби на ВДИСТ во Битола, Белград, Загреб, Скопје, Прилеп,

Охрид и други

ГОСТУВАЊЕ — 1965 во струмичка колонија

НАГРАДИ — 1961 за сликарство ноемвриска награда на град Битола
— 1971 за најдобра сценографија на театарски игри Војдан Чернодрински
— 1972 г. ноемвриска награда на град Скопје за сликарство.

Еден дел од настанатите експонати се наоѓаат во галерии и приватни збирки во земјата и странство.

| | | |
|---|---|---|
| 21. | „Обични форми“ | масло 1969 |
| 22. | „Симболи на белата реминисценција“ | масло 1970 |
| 23. | „Сеќавање за една фреска“ | темпера 1972 |
| 24. | „Мементо Морти — 2370“ | масло 1972 |
| 25. | „Средновековен Тимпгонон“ | масло 1972 |
| 26. | „Генот наш словенски“ | масло 1972 |
| 27. | „На белиот зид“ | масло 1974 |
| 28. | „Охридска елегија“ | масло 1974 |
| 29. | „Заборавената свечаност“ | масло 1974 |
| 30. | „Разурнато постоење“ | масло 1974 |



Мементо морти — 2370

Симболи на белата реминисценција





ПЕРО СПИРОСКИ

| | | |
|---|---|---|
| 31. | Гордо Високо | масло 1973 |
| 32. | Зима | масло 1972 |
| 33. | Алинци | масло 1973 |
| 34. | Црвен крст | масло 1967 |
| 35. | Пејсаж | масло 1969 |
| 36. | Глава | масло 1973 |
| 37. | Вртлог | масло 1973 |
| 38. | Празник | масло 1973 |
| 39. | Слика без наслов | масло 1974 |
| 40. | Почитель | масло 1971 |

Роден 1928 година во Битола. Завршил средна Художествена школа и Педагошка Академија — сликарство — во Скопје. Студиски боравок во Италија во 1954 година, член на ДЛУМ од 1952 година.

Наставник е во Осн. учил. „Даме Груев" — Битола

Адреса: „Стефче Патако" бр. 2а — Битола.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1955 — Кавадарци I самостојна изложба
1956 — Штип II самостојна изложба
1957 — Битола III самостојна изложба
1965 — Битола IV самостојна изложба
1965 — Прилеп V самостојна изложба
1967 — Кавадарци VI самостојна изложба
1969 — Кичево VII самостојна изложба

Две изложби со Пецо Видимче во Битола.

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1950 — Изложба на битолските уметници
52-74 — Редовно излага на изложбите на ДЛУМ во: Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Марибор, Крушево, Прилеп, Штип, Кумановои др.
1953 — Изложба на битолските и прилепските уметници во Прилеп и Битола
1955 — Пет битолски сликари — изложба во Охрид и Битола
1956 — Учество на сите изложби на ВДИСТ во: Битола, Белград, Загреб, Скопје, Прилеп Охрид и др.
1957 — I изложба на графика на ДЛУМ во Скопје — уметничка галерија
1959 — 15 години на ликовната уметност на СРМ
1967 — Трето триенале во Белград
1969 — Ферара Италија
1970 — Моето најсакано дело — Спкопје уметничка галерија

## ГОСТУВАЊА:

1971 — Гостин на уметничката колонија на Босна и Херцеговина — Почитељ

## НАГРАДИ:

1973 — Откупна награда на 10 јубиларна изложба на битолските уметници

Дел од сите излагани творби се наоѓаат во разни збирки во повеќе градови: Белград, Загреб, Солун, Битола, Кавадарци, Прилеп Штип од кои една творба е откупена за кабинетот на претседателот Тито.



Почитељ



Црвен крст



БОРИСЛАВ ТРАИКОВСКИ

1. Глава I . . . . . . . . . . . . . . . масло
2. Глава II ,,
3. Глава III ,,
4. Робот ,,
5. Правоаголни форми I ,,
6. Квадратни форми ,,
7. Кружни и квадратни форми ,,
8. Вертикални движења ,,
9. Апстахиран пејсаж ,,
10. Пејсаж со бело дрво ,,

ТРАИКОВСКИ БОРИСЛАВ,

академски сликар

Роден во Битола 1917 год. Академија за ликовна уметност заврши во Белград 1951 година. По завршувањето на Академијата за прв пат излага во 1951 година во Битола, по таа дата се нижат многубројни самостојни изложби во склоп на ДЛУМ и групата ВДИТС во нашта Република, Југославија и надвор од неа.

Како поважни настапи се сметаат двете сојузни изложби во Дубровник и Љубљана и Југословенската изложба по повод Меѓународниот конгрес на ликовните критичари. На едно Белградско триенале со група сликари во Даблин — Брафорд, Лондон,Ферара и Епинал. Самостојно изложувал скоро во сите македонски градови и во Приштина. Инаку во склоп на ДЛУМ и ВДИСТ во сите центри низ Југославија каде се наоѓаат и многубројни негови слики. Скопската галерија приреди и репроспектива на неговите творби каде беа прикажани слики од разни периоди. Покрај ова изложувал самостојно во 17 работни колективи низ Македонија а учесник е и во неколку уметнички колонии во Македонија, Словенија и БИХ. Треба да се спомenат и двете изложби на Современото македонско сликарство во Белград и Нови Сад. За таа дејност одликуван е со орден на труд III степен и добитник е на Ноемвриска награда на град Битола. Има признание на Одборот за прослави при ОО на ССРНМ — Битола за редовно и квалитетно излагање на заеднички изложби по повод 4 Ноември Денот на ослободувањето на Битола.

Корисник е на стипендија за специјализација од Сојузната фондација „Моша Пијаде" која ја користеше во Франција — Париз и студиско патување низ Италија. Работи како редовен професор во гимназијата „Браќа Миладиновци" во Битола а како хонорарен на Педагошката Академија во Битола и Вишата угостителска туристичка школа во Охрид.

Адреса: Траиковски Борислав, ул. Солунска 233 тел.
22-966 ателје: село Бистрица.



Глава I



Глава II